Јавно претпријатие за услужни дејности
РАВЕН
Бр. 01-98
23.12 20 13 год.
Пехчево

Архивски знак:
Рок на чување: Трајна
20 Година
Потпис

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО 2014 ГОД. НА ЈПУД"РАВЕН"-ПЕХЧЕВО

ЈПУД"РАВЕН"-Пехчево е општинско претпријатие чиј основач е Советот на Општина Пехчево и е регистриран како услужно јавно претпријатие кој во делокругот на своите активности опфаќа повеќе оделенија:

-Оделение за припремање на храна во кујна и ресторант

-Оделение за градежни работи

-Оделение за погребални услуги

## I. Одделение за припремање на храна во кујна и ресторант

1.Припремање на храна за учениците во ОУ"Ванчо Китанов"-Пехчево, се планира да биде зголемено за 50 оброка. Храната се спрема по сите хасап стандарди и упатства од инспекторатот за храна и се дели во ресторанот под услови кои се наследени.

2.Припрема на храна за учениците-гимназијалци ќе остане во истиот обем како во минатата 2013год.

3.Припремање на храна за народна кујна во с.Црник останува по обем, количина, квалитет и асортиман иста според договорот со Ј.У. Меѓуопштински центар за социјални работи. Доставувањето на храната до корисниците ни е проблематична и во наредниот период ќе настојуваме да обезбедиме посовремено возило, со товарен простор и трансмисиоја на предната осовина, за да ги избегнеме проблемите во зимните месеци.

4.Припремање на храна за правни субјекти и физички лица според претходен месечен договор. Во тој дел имаме варијабилност но настојуваме квалитетно да го исполниме. Превземањето на приготвената храна е од страна на самите субјекти договарачи.

5.Припремање и испорака на храна-дневен оброк за стари и инемоштени лица. Во тој дел перманентно ни се зголемуваат корисниците-абоненти и мислиме дека навремено и квалитетно ги извршуваме нашите обврски.

Наплатата на побарувањата за испорачани оброци на дел од нив ни ствара проблем, но мислиме дека во наредниот период и тоа ќе биде решено.

6.За 2014год. Планираме да промовираме и да понудиме кетеринг услуги за нашите сограѓани во општината. Тоа може да се однесува за чествување на домашни слави, матурски, родендени и помени и износачки.

Исто така ние сме спремни, ако почне проектот за Регионален центар за стари лица, да го подржиме во делот на припремање на храна, испорака и послужување за целодневните потреби на корисниците на центарот.

## II. Одделение за градежни работи

Во одделението градежни работи е предвидено, планирано и во фаза на договарање изградба на земјени патишта, прочистување и оформување на депонии во источниот регион на Р.М. Учествување на тендери на рудникот за јаглен во с.Панчарево и договарање со градежната фирма која ќе учествува во пробивање на патот Миладиновци - Скопје.

1.Изградба на локални патишта во нашата општина, прочистување на постојаните Ђ поврзување.

2.Посетување на општините од Источна Македонија и пошироко, и давање понуди за прочистување и оформување на депонии, како и давање понуди за изградба на локални и шумски патишта.

3.Учество на тендер за работа на земјина откривка на рудникот за јаглен во с.Панчарево.

4.Понуда и договарање со градежната фирма која ќе учествува во пробивање на патот Миладиновци-Скопје.

## III. Одделение за погребални услуги

1. Во секторот на градски гробишта најпрво треба да се обезбеди дозвола од Министерството за транспорт и врски за обавување односно за вршење на погребални услуги. За вршење на споменатите услуги треба да се направи заемно усогласување со ЈКП "Комуналец"-Пехчево и да се координираат активностите според законската регулатива.

ЈПУД"РАВЕН"-Пехчево

Директор: Вуксанов Душко

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 07-446/1
10.03. 2014 год.
ПЕХЧЕВО

Јавно претпријатие за услужни дејности
РАВЕН Пехчево
Примено: 13.03.2014

| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 13/1 | - | - |

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 алинеја 27 од Статутот на општина Пехчево(Сл. гласник на општина Пехчево бр.04/2009), советот на општина Пехчево на својата 6-та редовна седница одржана на 04.03.2014 година донесе:

Архивски знак:
Рок на чување: Трајно
20 Година
Потпис

**О Д Л У К А**

**за усвојување на планот за работа на ЈПУД „Равен„-Пехчево, за 2014 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Планот за работа на ЈПУД „Равен„-Пехчево за 2014 година.

**Член 2**

Планот за работа на ЈПУД „Равен„-Пехчево за 2014 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево

Претседател

Стојче Стефановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПЕХЧЕВО
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО